# Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник на издавачката дејност на УКИМ*
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**О д л у к а**
за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје ............................................ 2

**О д л у к а**
за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Технолошко-металуршки факултет – Скопје .................. 4

**О д л у к а**
за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје .................................. 5

Врз основа на член 86, став 1, точка 2 од Статутот на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 444/2019 и бр. 526/2020) и член 5 и член 8 од Анексот кон Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Деканатската управа на Факултетот, на седницата одржана на 12.9.2024 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се прецизираат износите од член 5 и се утврдуваат дополнителните надоместоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) од член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

| Реден број | Назив на услугата | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Издавање на уверение за положени испити во текот на студиите<br>(член 5, точка 4 од Анексот) | 200,00 |
| 2. | Издавање на потврда за статус на студент<br>(член 5, точка 14 од Анексот) | 100,00 |
| 3. | Издавање на потврда за времетраење или режим на студирање<br>(член 5, точка 15 од Анексот) | 1.000,00 |
| 4. | Издавање на потврда за исполнување на условите за дипломирање, односно магистрирање<br>(член 5 точка 15 од Анексот) | 1.000,00 |
| 5. | Издавање на потврда за исполнување на условите за запишување на прв или втор циклус студии<br>(член 5, точка 15 од Анексот) | 1.000,00 |
| 6. | Издавање на потврда за очекуван датум на дипломирање, односно магистрирање<br>(член 5, точка 15 од Анексот) | 1.000,00 |
| 7. | Издавање на потврда за постигнат успех (департман/генерација)<br>(член 5, точка 15 од Анексот) | 1.000,00 |
| 8. | Издавање на потврда за системот на оценување и еквиваленција со меѓународниот систем<br>(член 5, точка 15 од Анексот) | 1.000,00 |
| 9. | Издавање на потврда за следење настава и положени испити на англиски јазик | 1.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | (член 5, точка 15 од Анексот) | |
| 10. | Издавање на потврда (транскрипт) за дипломиран/магистриран<br>(член 5, точка 15 од Анексот) | 1.500,00 |
| 11. | Организирање на дополнителна активност на барање на студентот за надоместување на нереализирана настава по предметна програма<br>(член 8 од Анексот) | 1.000,00 |
| 12. | Набавка на материјални ресурси за реализација на студиските програми по семестар<br>(член 8 од Анексот) | 1.500,00 |
| 13. | Набавка на онлајн ресурси за реализација на студиските програми по семестар<br>(член 8 од Анексот) | 1.500,00 |

**Член 2**

На студентите запишани на прв и на втор циклус студии на Факултетот им се наплаќаат надоместоци за услуги и трошоци согласно со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и согласно со оваа одлука.

**Член 3**

Со влегување во сила на оваа одлука и со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и согласно со оваа одлука, престанува да важи Одлуката за надоместоците што ги плаќаат студентите на Економскиот факултет во Скопје, заверена под бр. 02-794/9 од 27.4.2023 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување во Универзитетски гласник, а ќе започне да се применува од 2024/2025 година, со исклучок на дел од ставките кои студентите ќе ги уплатуваат и пред започнувањето на учебната 2024/2025 година, доколку се однесуваат за активности/услуги кои треба да се реализираат за наведената учебна година.

Оваа одлука може да се изменува и дополнува со одлука на Деканатската управа.

Оваа одлука ќе се објави на веб-страницата на Факултетот.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Предраг Трпески с.р.**